**ДО**
**- СОБРАНИЕТО НА ДРУШТВОТО**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
од работата на Службата за внатрешна ревизија на Лотарија на Македонија А Д Скопје за 2011 година

Во Лотарија на Македонија А Д Скопје со Одлука на Одборот на директори ОД. бр. 02-20/46 од 09.12.2010 година организирана е Служба за внатрешна ревизија, која започна со работа од 01.01.2011 година.

Основните надлежности и задачи на службата се утврдени со Законот за трговските друштва, а тоа е да врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото.

Согласно член 415-б и 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Службата за внатрешна ревизија изготви Годишен план за работа за 2011 година, кој беше одобрен од неизвршните членови на Одборот на директори, како и полугодишен извештај за своето работење . За своето работење Службата за внатрешна ревизија е должна да изработи и годишен извештај, кој се доставува до собранието на друштвото.

Во текот на 2011 година , од Службата за внатрешна ревизија согласно годишниот план за работа , извршени се седум ревизии и тоа : во Секторот за општи и правни работи ( 1) , Секторот за финансиски работи (4) и во Секторот за продажба ( 2) ревизии.

1. Во Секторот за општи и правни работи предмет на ревизија беа спроведените активности во врска со редовното Годишно собрание на акционери кое се одржа на ден 06.04.2011 година . По спроведената ревизија е констатирано дека Ревидираниот процес - Годишното собрание е спроведено по процедурите и правилата воспоставени во законската регулатива и интерните акти на друштвото. Постои усогласеност на постапките со стандардите, правилата и законските одредби. Активностите околу одржаното редовно годишно собрание се извршени согласно Законот и Статутот на друштвото , така што не постои непочитување на роковите и отстапување од утврдените законски рокови и процедури . Системите за внатрешна контрола во ревидираниот процес се адекватни и ефикасни.

2**.** Во Секторот за финансиски работи беа спроведени четири ревизии и тоа: ревизија на благовремено доставување на финансиски извештаи , ревизија -ажурност и точност на сметководствената евиденција , и две ревизии кои се однесуваа за наплата на стасани побарување кои произлегуваат од склучени договори за закуп и склучени договори за продажба на ОНЕ - производи.

- Доставувањето на финаниските извештаи на друштвото до надворешните органи и органите на друштвото се спроведува по процедурите и правилата воспоставени со законската регулатива и интерните акти на друштвото. Постои усогласеност на постапките на лицата задолжени за дадените активности со стандардите, правилата и законските одредби.

- Извршената ревизија за ажурност и точност на книговодствената евиденција потврди дека книговодствената евиденција во друштвото се води врз основа на книговодствени документи, ажурно и точно и контролните постапки функционираат правилно.

- Извршена е ревизија за наплата на стасани побарувања од продажба на ОНЕ - производи за периодот 01.01.2011-31.05.2011 год. и ревизија за наплата на стасани побарувања кои произлегуваат од Договорите за закуп за периодот 01.01.2011-30.09.2011 година. Констатирано е дека при наплата на стасани побарувања се користат вообичаени практики и процедури. Дадена е препорака побарувањата од комитентите постојано да се следат , контактите со комитентите за наплата на побарувањата, односно опомените да бидат во писмена форма или по електронски пат и да се преземат активности за нивна наплата по судски пат .

3. Во Секторот за продажба извршени се две ревизии и тоа : ревизија за набавка на Сим - картички, ваучери и при-пејд телефони и ревизија за издавање роба на застапници. Со ревизијата се потврди дека при набавките на сим-картичките, ваучерите и при-пејд телефоните на ОНЕ се применуваат процедурите на работа утврдени со Комерцијалната политика на ОНЕ за големи корисници и дека контролните постапки функционираат правилно. И со ревизијата која се однесуваше на издавање роба на застапници се потврди дека во работењето на издавање роба на застапници се применуваат процедурите на работа утврдени со Комерцијалната политика на Оне . По извршената ревизја дадена е препорака, испратниците со кои се доставува робата до застапниците да бидат потпишани од примачот на робата, иако приемот на робата може да се утврди на друг начин .

Согласно член 415-а став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, службата за внатрешна ревизија работеше согласно принципите и стандардите за внатрешна ревизија и политиката и процедурите за работа на службата утврдени со Правилникот за организациона поставеност , правата и одговорностите , односите со другите организациони единици во друштвото .

Пред почетокот на планираните ревизии направени се прелиминарни истражувања за прибирање информации со цел да се добијат општи сознанија за областа која се ревидира, направен е разговор со раководителите на ревидираните организациони единици, а потоа е изготвен и план за поединечната ревизија . Планираните ревизии се навремено најавени кај раководителите на организационите единици со писмо за ревизорски ангажман.

Дадените препораки од Службата за внатрешна ревизија од првите ревизии се спроведуваат. Препораките дадени од Службата за внатрешна ревизија од извршените последни ревизии во Секторот за продажба , очекуваме да се спроведат во наредниот период.

Поединечните ревизии се извршени во времето планирано за нивнотото извршување, со тоа што има поместување на некои од ревизиите од еден во друг квартал од годишниот план, со цел ревизијата да биде што поопфатна и целосна.

На Службата за внатрешна ревизија во текот на ревизиите и беше овозможено целосно, слободно и неограничено право на пристап до документацијата, податоците и информациите , како и до имателите на податоците,

Службата за внатрешна ревизија ги реализира поставените цели со Годишниот план за работа за 2011 год.

Служба за внатрешна ревизија
Х.Лакинска